Транспарентноста на локално ниво ја подобрува довербата во локалните власти и го охрабрува учеството на граѓаните во одлучувањето. Исто така, значително помага во намалувањето на корупцијата и судирите на интереси.

Кодексот за транспарентност на локално ниво обезбедува информации што треба да бидат јавно достапни на веб-страницата на општината. Неговата цел е да го подобри нивото на отчетност и транспарентност на локалната власт, преку јасно дефинирање на главните извори на информации и на начинот на нивно претставување.

## СКЕНИРАЈТЕ ГО КОДОТ И ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ

Овој леток е подготвен од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите во соработка со Министерството за локална самоуправа на Република Северна Македонија, со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразни во летокот не ги изразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# ОПШТИНАТА НА ДЛАНКА

### МОЈАТА ОПШТИНА ДИГИТАЛНА И НА ДЛАНКА



## ПРОЕКТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

Преку веб-страницата на вашата општина, вие, граѓаните, сте во средиштето на информациите. Тука може да најдете информации за:

- *вашите права и обврски;*
- *да ги поттикнете властите на одговорност;*
- *да се вклучите во донесувањето одлуки и*
- *да имате олеснет пристап до услугите на јавните институции.*

Пребарајте ги потребните информации на веб-страницата на вашата општина и земете активно учество во нејзиното работење!

Заедно да придонесеме за појасна, отчетна и транспарентна општина!

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Република Северна Македонија
Министерство за локална самоуправа

# ИНФОРМАЦИИ ПОТРЕБНИ ЗА ГРАЃАНИТЕ

**БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА**
Дознајте како се планираат буџетите и како се трошат средствата!

**ИНФОРМАЦИИ ЗА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**
Запознајте се со структурата на општината!

**ОГЛАСИ И НОВОСТИ**
Информирајте се за сите актуелни информации од јавен карактер!

**ЈАВНИ НАБАВКИ**
Информирајте се за јавните набавки на општината!

**КУЛТУРА И СПОРТ**
Откријте ги можностите за рекреација и забава во составот на општината!

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
Запознајте се со мерките, активностите и политиките што ги презема општината!

**ОБРАЗОВАНИЕ И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**
Добијте информации за образованието, и за уписите во училиштата и градинките.

**ФОРМУЛАРИ, ОБРАСЦИ И НАЧИНИ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ПОТРЕБНАТА УСЛУГА**
Пребарајте ги потребните документи, и побарајте инструкции за нивно пополнување и аплицирање!

**Е-УСЛУГИ**
Можност да ја добиете потребната услуга со еден клик!

Граѓанското учество во креирањето на локалните политики и одлучувањето е од големо значење за демократското управување на локално ниво.

Затоа е важно да се информирате и да се вклучите во јавните состаноци каде што вашето мислење ќе има влијание.

Искористете ги отворените податоци на веб-страницата на општината како ресурс и преземете иницијатива за креирање подобра иднина за сите!

## ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА ПОДОБРО ВАШАТА ОПШТИНА И ПРЕЗЕМЕТЕ АКЦИЈА!

